**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР-ИНСПЕКТОРАТ

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР-ИНСПЕКТОРАТ ЗА 2026 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дел. Бр. | 11-20/15 | | Саше Ристовски<br>[име и презиме] |
| Датум: | 10.11.2025 година | | Раководител на одделение<br>[функција / звање на раководител на инспекциска служба] |
| Место: | Скопје | (м.п.) | <br>[потпис] |

**Содржина:**


I. **Резиме**

II. **Анализа на  ризици**

II.1. Индификување и утврдување на ризикот

III. **Организација и раководење**

III. 1. Правен статус на институцијата
III.2.  Раководство
III.3. Надлежности
III.4. Органицациона структура
III.5. Состојба со човечи ресурси

- Табеларен преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзори во 2025 година, по вид, возраст и звање (Табела 1)
- Табеларен план за нови вработувања и пензинирања на инспектори

IV. **Инспекциски надзор**

IV.1. Цели кои треба да се остварат со  инспекцискиот надзор

IV.2.  Резултати

IV.3.  Краток опис

IV.4.  Индикатори

- Табеларен преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2026 година, по региони и општини ( Табела 3)

V. **Обука на инспекторите и административните службеници**

- Табеларен преглед за генеричи обуки на инспекторите согласно годишната програма за генеричи обуки за 2026 година

VI. **Меѓународна соработка**

VII. **Други активности на инпекциската служба**

VIII. **Соработка со останати институции**

**Резиме**

Врз основа на член 33 од Законот за за инспекциски надзор („Сл. весник на РМ“ бр.102/19,272/24 и 22/25), како и Правилникот за содржината и формата на Годишниот план за работа на инспекциска служба („Сл. весник на РСМ“ бр.238/19) Раководителот на одделението за инспекциски надзор- инспекторат донесе Годишен план за работа на инспекцисата служба за 2026 година, и истиот ги содржи следните поглавја:

Со Годишниот План за 2026 година се дефинираат надлежностите на инспекторите од одделението заинспекциски надзор-Инспекторат при општина Илинден, мисијата, визијата, основите за подготовка на планот, субјектите и целите на инспекцискиот надзор, постапката и критериумите за вршење инспекциски надзор, процедурите за следење и оценување на реализацијата на инспекцискиот надзор.

Обврските и должностите на одделението за инспекциски надзор-Инспекторат проектирани на среден рок, ќе бидат фокусирани врз одржување на системот на заштита на животната средина во континуитет, особено од аспект на унапредување и контрола на системот на издадени дозволи и други одобренија (Б-Интегрирано Спречување и Контрола на Загадувањето-Еколошки ; решенија за одобрување на елаборати,спроведување на Законот за комунални дејности и сите подзаконски акти ,чистење,метење,миење и собирање на отпадоци од јавните површини,одржување на локални улици и патишта, одржување и уредување на јавни урбани зелени површини на подрачјето на Општина Илинден како и други форми на сертификација на активности и дејности од аспект на заштита на животната средина и комуналните дејности ) и спроведување на легислативата.

Во планот е изготвена Анализа на ризици согласно претходно изработена Методологија за проценка на ризик при вршење инспекција во животната средина. Согласно Правилникот, во делот организација и раководење е прикажана организациската поставеност на инспекциската служба и раководењето со истата, а исто така е даден табеларен приказ на сите инспектори кои вршат инспекциски надзор во сите три области, животна средина, комунални дејности и градењето.

Во делот инспекциски надзор табеларно се прикажани податоци за сите планирани инспекциски надзори во општина Илинден и бројка за очекувани неправилности.

Делот за обуките на инспекторите и административните службеници ги содржи сите информации за планирани обуки согласно годишните програми за реализација на истите.

**Анализа на ризици**

Согласно член 32 став 4 од Законот за инспекциски надзор(Сл.Весник на РСМ 102/19,272/24 и 22/25)проценката на ризик вклучува анализа,управување и известување за ризикот и се спроведува според методологија за проценка на ризик како низок,среден и висок ризик.

Критериумите кои се базирани на документите на ЕУ, како што се "RMCEI"-Препораките на Европската Комисија за Минимум Критериуми за Инспекцијата во животната средина и "Правење на вистинските работи “(„Doing

the right things”), а се во функција на остварување на Визијата на општина Илинден преку одделението за инспекциски надзор-Инспекторат се:

• Постоење на национален годишен план за инспекциски надзор
• Следење на работењето врз основа на индикатори и добиени резултати
• Програма за квалитет и конзистентност за инспекција на животната средина и комунални дејности
• Тематски приоритети (пристап базиран на ризик)
• Изготвена стратегија за имплементација/применливост
• Прирачник за инспектори (вкл. RMCEI) и наменски прирачници
• Ефикасно користење на расположливите правни санкции
• Транспарентност на известување со помош на електронски алатки
• Одредби за 24/7 служба за надзор на животната средина и комунални дејности
• Структуриран приод за обработка на поплаки/претставки
• Можности за координација и / или надзор
• Меморандум за разбирање меѓу државните и локалните инспектори
• Техничка и правна поддршка
• Програма за обука на инспектори (ментор систем вкл.)
• Постоење на акредитирани лаборатории за тестирање и анализа на мостри
• Потребна опрема за вршење на инспекциски надзор

Постоечката анализа на ризик се заснова на обработените податоци од претходно извршени надзори, како и на податоците кои што се прибрани од работењето на одделението за инспекциски надзор-Инспекторат во текот на 2019 ,2020 , 2021,2022 ,2023 ,2024 и 2025 година.

Како критериумите за дефинирањето на ризичните области се: број на идентификувани наоди во областа, висина на изречените казни, висина на изречените писмени опомени,фреквенција на повторување на прекршоците кај физички и правни субјекти во дадените области, влијание на прекршувањето во областа животна средина, природа и води,јавни површини и комуналните дејности.

(1) Предмет на инспекциски надзор ќе бидат следните ризични области:

- ризичните области во интегрирано спречување и контрола на загадувањето (Б-интегрирани еколошки дозволи);
- Елаборати за животна средина (контрола на условите во елаборатите и задолжување на субјекти кои не поседуваат елаборати))
- ризичните области во управувањето со отпадот (сите текови на отпадот);
- ризичните области во заштита на водите(канали,реки)
- ризичните области во заштита на јавните површини(улици и патишта)
- ризичните области во заштита на комунални дејности(водоснабдување и одведување со прочистување на отпадни води

(2) Дефинирањето на ризичните области се базира на утврдените и очекуваните ризици од досегашните инспекциски надзори и врз основа на проценката по ризикот врз животната средина.

Подетален опис на ризичните области кои ќе бидат предмет на инспекциски надзор во текот на 2026 година се идентификувани во следниве области :

- Управување со неопасен отпад (комунален цврст отпад, инертен,индустриски неопасен,отпад од земјоделство и друго)
- Управување со неопасен отпад (складови со метален отпад и промет со забранети предмети и материјали)
- Б-ИСКЗ дозволи (контрола на условите наведени во дозволите)
- Елаборати за животна средина (контрола на условите во елаборатите)
- Заштита на водите од загадување
- Заштита од пожари
- Заштита на локални улици и патишта
- Заштита на јавни зелени површини

Принципот на превенција има исто така висок степен на застапеност при одредување на критериумите за определување на ризичните области.

**Идентификување и утврдување на ризикот**

(1) Утврдувањето на ризикот се спроведува општинскиот инспектор за жив.средина и општинскиот комунален инспектор во соработка со експерти од различни области на животната средина и комуналните дејности, универзитетската и бизнис заедницата преку размена на информации, увид во документација и извештаи за извршени лабораториски испитувања од надлежни инстутуции и овластени и/или акредитирани лаборатории за животна средина.

(2) Во идентификувањето на ризикот, дополнителни фактори кои се земаат во предвид се:

- Непостапување по одредбите од Б-Интегрираните еколошки дозволи,
- Непостапување по одредбите од Елаборатите за животната средина;
- Непостапување по одредбите од Законот за заштита на природата;
- Непостапување по одредбите од Законот за водите;
- Непостапување по одредбите од Законот за јавна чистота
- Непостапување по одредбите од Законот за комунални дејности
- Непостапување по одредбите од Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води
- Непостапување по одредбите од Законот за управување со отпадот
- Непостапување по одредбите од Законот за градење

**Организација и раководење**

Својата мисија одделението за инспекциски назор-Инспекторат ја остварува превентивно почитувајќи го начелото на превенција како основен постулат преку едуцирање на субјектите на надзор (организирање на обуки, семинари, работилници, издавање на брошури, информирање на индустриските оператори преку новиот Интернет веб портал на општина Илинден( www.ilinden.gov.mk) односно преку спроведување на инспекциски надзор над физичките и правните лица (субјекти на надзорот), како и изрекување на соодветни инспекциски мерки и санкции во инспекциска постапка со цел отстранување на утврдените неправилности и непочитување на законските прописи. Визијата на Државниот Инспекторат за животна

средина и Државниот комунален инспекторат е базирана врз обезбедување на здрава животна средина за сите граѓани како уставна категорија преку целосно и ефикасно спроведување на законодавството и усогласување на индустријата, вршителите на активности и дејности согласно законските прописи од областа на животната средина.

- одделението за инспекциски назор-Инспекторат е орган во состав на општина Илинден како единица за локална самоуправа во својство на правно лице.
- Согласно Правилникот за организација на работни места е изработена е нова функционалана анализа и систематизација со органограм на општина Илинден во кој се предвидени места за инспектори(Раководител на одделение Виш инспектор,советник инспектор за жив.средина, советник инспектор за комунални работи, советник градежен инспектор,советник инспектор за собраќај и советник просветен инспектор).
- Заради остварување на законските надлежности, обединување на повеќе меѓусебно поврзани функции, како и заради организирање, следење и координирање на работите од надлежност на одделенијата во нивните состави и унапредување на нивната меѓусебна соработка, како и заради непосредно извршување на нормативно-правни, стручно-аналитички, управни, информатичко–технолошки, оперативни и стручно-адмнистративни работи, во Инспекторатот е формирана следнита оранизациска единица:

**(1) Одделение за инспекциски надзор -Инспекторат**

Одделението за инспекциски надзор -Инспекторат ги врши следните работи:

- ја остварува и спроведува Годишната програма за работа на Инспекторатот;
- врши инспекциски надзор од областа на животната средина и природата и во областа на комуналните дејности(комунални услуги кои се делат на услуги за задоволување на инвидуалната потрошувачка и услуги за задоволување на заедничка потрошувачка
- изготвува информации и други потребни документи за спроведување на прописите од областа на животната средина и природата и областа на комуналните дејности;
- изготвува годишни програми во делот на заштита на животната средина и комуналните дејности
- врши инспекциски надзор врз градби од втора категорија
- доставува мислења и предлози до Секретарот и Градоначалникот на општината за координација на работата во одделението за инспекциски надзор-Инспекторат за покренување иницијатива за измена и дополнување на прописите од областа на животната средина и природата и комуналните дејности како и за подготовка на други документи од областа на Инспекторатот;
- врши редовно и навремено ажурирање на електронската база на податоци на Инспекторатот од извршените инспекциски надзори и се грижи за нивната точност
- соработува со другите организациони единици во Инспекторатот за работи кои се од заеднички интерес за Инспекторатот

## 1.1 Надлежности

Одделението за инспекциски надзор -Инспекторати врши инспекциски надзор над следните закони:

- Закон за инспекциски надзор („Сл. весник на РМ“ бр. 102/19,272/24 и 22/25 и 133/25);
- Закон за комунални дејности („Сл. весник на РМ“ бр. 95/12, 163/13, 42/14,44/15,147/15 , 31/16,64/18 ,302/20,255/24,3/25 и 17/25);
- Закон за јавна чистота („Сл. весник на Р.М“ бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10,130/10 пречистен текст, 23/11,53/11,80/12, 163/13 ,44/15,147/15 и 31/16 ,122/21 и 255/24);
- Закон за квалитетот на амбиенталниот воздух (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11,59/12,100/12,163/13,146/15);
- Закон за бучава во животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 79/07, 124/10 и 47/11, 163/13);
- Закон за води (Сл. Весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12,23/13,163/13,180/14,146/15 и 52/16);
- Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр.53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13; 187/13; 42/14; 44/15; 192/15; 39/16; 28/18; 65/18 ,99/18,89/22,171/21,03/25 и 124/25);
- Законот за управување со отпад (Службен весник на РСМ бр.216/21);
- Закон за прекршоци (Службен весник на РМ бр. 96/19 и 253/23);
- Закон за општа управна постапка (Службен весник на РМ бр.124/2015);
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани води (“Сл. весник на РМ “ бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11 , 54/11, 163/13 ,10/15,147/15 и 31/16); Одлука на Уставен суд на Р.М У бр.199/05 од 24.11.2007г. („Сл Весник на РМ“ бр. 16/07);
- Закон за гробишта и погребални услуги („Сл. весник на РМ“ бр.86/08, 156/10, 53/11, 163/13,152/15,31/16,255/24 и 101/25);
- Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Илинден (Сл.Гласник на општина Илинден 06/14)
- Закон за урбано зеленило(„Сл. весник на РМ“ бр. 11/18,42/20,224/24 и 72/243)

Преглед на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор:

Во Одделението за инспекциски надзор –Инспекторат раководи административен службеник со звање раководител на одделение -Виш инспектор.

Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на одделението, со одделението раководи стручен административен службеник со највисоко звање во одделението кој го определува раководителот на одделението.

Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат е составено од 3 (три) општински инспектори кои поседуваат лиценца за инспектори согласно Законот за инспекциски надзор (Сл.Весник на РСМ бр.102/19) од кои 1(еден) за инспекциски надзори во областа животна средина и 2(два) за надзори во областа на комуналните дејности и еден(еден) просветен инспектор кој не поседува лиценца и е во постапка за добивање.

Во ова одделение е назначен еден раководител на одделението, а надзорите во ова одделение се реализираат преку 1 општински инспектор за животна средина, 1 општински комунален инспектор и 1 со звање Виш Инспектор -општински комунален инспектор.

За 2026 година не се планирани пензионирања на ниту еден од трите видови инспектори,евентуална промена ќе има само во делот на примање доколку се прими 1(еден)нов градежен инспектор кој ќе врши инспекциски надзор согласно Законот за градење.

**Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор во текот на 2026 година, по вид и звање**

| Вид/Ниво-Звање | Општински инспектор за животна средина | Општински комунален инспектор | Општински просветен инспектор | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Б1 – генерален инспектор | | | | |
| Б2 – главен инспектор | | | | |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | |
| Б4 – виш инспектор | | 1 | | 1 |
| В1 – советник инспектор | 1 | 1 | 1 | 3 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | |
| В3 –помошник инспектор | | | | |
| В4 – помлад инспектор | | | | |
| Вкупно | 1 | 2 | 1 | 4 |

***Табела 2 Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање***

| Вид | Инспектор за животна средина | | | | | | Инспектор за комунални работи | | | | | | Вкупно Инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б4 – виш инспектор | | | | | | | | | 1 | | | 1 | | | 1 | | | 1 |
| В1 – советник инспектор | | | 1 | 1 | | 2 | | | 1 | 1 | | 2 | | | 1 | 1 | | 2 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | 1 | | 1 | | 1 | 1 | | | 2 | | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 |

**Табела 3 План за нови вработувања и пензионирања на инспектори**

| Вид | Градежен Инспектор | | | Просветен Инспектор | | | Вкупно Инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| В1 – советник инспектор | 1 | | 1 | 1 | | 1 | 1 | | 1 |
| В2 – самостоен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Вкупно | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 |

**Инспекциски надзор**

Со Годишниот план за работа на Одделението за инспекциски надзор –Инспекторат се утврдува постапката за вршење инспекциски надзор над субјектите , правни и физички лица кои вршат комунални дејности , односно условите и начинот на вршење на комуналните дејности уредени со закон.

Годишниот план за инспекциски надзор е важна алатка во управувањето со надзорот, бидејќи ги распоредува ограничените ресурси на инспекторатот со цел да постигне максимални ефекти во спречувањето на неправилностите и минимизирање на штетите. Изработката на планот е во најголем дел заснована врз проценката на ризиците. Квалитетот на планот е во директна корелација со квалитетот на проценката на ризиците.

Општи Цели кои треба да се остварат со инспекцискиот надзор се:

- зголемување на степенот на спроведување на законодавство од областа на животната средина во однос на 2019 ,2020 ,2021, 2022 ,2023 ,2024 и 2025година
  Индикатор: Извештај за прогресот на РМ, (напомена дека во моментов нема Стратегија за спроведување на законодавството од областа на животната средина),
- целосно реализирање на месечните планови на инспекторите,
  Индикатор: Шестмесечни Извештаи
- практична примена на одредбите од законите, уредбите и правилниците од страна на правните субјекти кои се предмет на надзор,
  Индикатор: Немање/Намалување на број на санкции
- мониторинг на условите одредени во еколошките дозволи и елаборатите за заштита на животната средина и нивна применливост во пракса

Индикатор: Континуирано при спроведувањето на инспекциските надзори

- превенција од евентуални штети предизвикани од секаков вид на неспроведување на задолженијата од дозволите и еколошките елаборати; Основно начело на европскиот пристап на инспекциските служби во животната средина, начело од Законот за инспекциски надзор,
  Индикатор: Немање еколошки инциденти
- навремено преземање мерки и санкции заради намалување или отстранување на последиците од неспроведување на законските одредби од страна на субјектите кои се предмет на надзор;
  Индикатор: Акти во инспекциска постапка
- воспоставување и спроведување законски процедури, мерки и активности за намалување на неправилностите во работењето и намалување на евентуалниот ризик по заштитата на животната средина; Органзација на едукација, обуки
- ефективно и ефикасно користење на капацитетите и човечките ресурси на субјектите предмет на инспекцискиот надзор во заштитата на животната средина и комуналните дејности;

  Индикатор: Примена на Методологијата за интегрирана процена на ризици при планирањето на надзорите.

Цели кои треба да се остварат со инспекцискиот надзор во областа на комуналните дејности:

- Заштита на правата на граѓаните како и заштитата на животот и здравјето на луѓето, во областа на комуналните дејности, и тоа особено во делот на водоснабдувањето со здрава и квалитетна вода за пиење, развој на комунална инфраструктура од значење на Републиката, одведување и прочистување на урбаните отпадни води преку колекторските системи и прочестителни станици, заштитата на јавната чистота на локалните улици и патишта, и други објекти од значење на Републиката кои ги вршат правни и физички лица кои поседуваат соодветни дозволи за работа од областа на комуналните дејности издадени од надлежниот државен орган.
- Унапредување на конкурентноста во економијата, владеење на правото и заштита на финансиските интереси на граѓаните во областа на комуналните дејности

Планирањето на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2025 година во одделението за инспекциски надзор-Инспекторат во општина Илинден се прават врз основа на анализите од претходни години (годишни програми и годишните извештаи).

Планирањето на редовните инспекциски надзори е направено врз основа на анализи на секој од трите типови инспектори поединечно согласно статусот на правните субјекти и нивната физичка локација во општина Илинден во однос на усогласеноста со регулативата и условите од различните типови на дозволи и секако анализи од инспекциските надзори во годините наназад.

Од страна на општинските инспектори во одделението за инспекциски надзор-Инспекторат има максимална посветеност во однос на спроведувањето на законодавството од областа на комуналните дејности и заштита на животната средина посебно од отпочнување на процесот на интегрирано спречување и контрола на загадувањето од 2006 година до денешен ден што резултира со намалување на еколошки инциденти од страна на субјектите, а соодветно на тоа и бројот на очекувани неправилности, како и акти во инспекциска постапка, решенија, платни налози, покренување постапки за санкционирање како прекршочна или кривична постапка и т.н ”паметно” планирање на редовните инспекциски надзори

Табела 4 Преглед на вкупниот број на планирани неправилности и инспекциски надзори според вид во годишен план за работа во текот на 2026 година во одделението за инспекциски надзор-Инспекторат

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | **Скопски регион** | | | | | |
| 1 | Илинден | 65 | 10 | 30 | 105 | 35 |

*Напомена: Согласно Законот за инспекциски надзор јасно е опишано што претставуваат редовни, вонредни односно контролни инспекциски надзори. Планирањето како поим е пред се наменето за редовните инспекциски надзори кои се планираат однапред и дел се најавени кај правните субјекти кои се предмет на надзорот.

Бројката на редовни планирани надзори е реална и неможе да се доведува во никаква корелација со претходни години, затоа што секоја година е различна секоја за себе, пред се од усогласеноста на субјектите со законодавството и различната фреквенција на инспекциски надзори врз основа на Методологијата на ризици при инспекциските надзори во областа на животната средина и различните барања од европските директиви во делот на инспекција во животната средина и комунални дејности.

Во случајот кај вонредните и контролните инспекциски надзори истите не се планираат однапред, односно единствено е возможно следење на трендовите и анализите од претходни области, по населени места во општината и секако закони како најмериторен индикатор. Оваа анализа е посебно од значење за планирање на времето кое секој општински инспектор го имаат на располагање во текот на месецот, односно со одредени вонредни инспекциски надзори да не се наруши балансот за планираните редовни инспекциски надзори.

-Вонредните инспекциски надзори се вршат при вонредни ситуации/настани затоа е и самиот назив вонредни, односно по претставки и иницијативи и однапред неможе да се планираат и да се знае дали и колку ќе има иницијативи од физички и правни лица, органи на државна и локална управа, Инспецкциски Совет и Градоначалник и Раководителот на одделението како и по службена должност.Планирањето однапред може да доведе до нарушување на критериумот за успешност на инспекторите при планирани вонредни и нереализирани надзори во текот на водењето на инспекциската постапка.

-Контролните инспекциски надзори се надзори кои се вршат доколку инспекторот има изготвено акт во инспекциска постапка-решение со мерки и даден рок и по неговиот истек се врши контролен инспекциски надзор, тие не се и неможат да бидат во директна корелација со бројот на очекувани неправилности, затоа што може да се случи и контролен надзор кај правен субјект кај кој не се очекувани неправилности и однапред неможе да се планираат. Овие надзори единствено може да се прикажат во месечните планови на Инспекторатот каде од месец до месец однапред се знае дали ќе има или нема контролен инспекциски надзор. И овој вид на надзор е јасно опишан во Законот за инспекциски надзор.

Во текот на 2026 година согласно законската легислативата на 25 закони и околу 30 подзаконски акти планирани да се реализираат вкупно 50 редовни инспекциски надзори, а следејќи ги анализираните трендови од годините station наназад може да се очекува одреден број на вонредни односно контролни инспекциски надзори.

**Обука на инспекторите и административните службеници**

Во текот на 2026 година согласно Годишната програма за работа, одделението за инспекциски надзор-Инспекторат ќе врши континуиран професионален развој на општинските инспектори и другиот стручно-административен кадар преку спроведување на систем и програма за професионален развој на вработените односно, унапредување на знаењата и способностите со цел, квалитетно и ефикасно вршење на инспекцискиот надзор што е во согласност со стратегијата за понатамошно развивање на инспекцискиот систем во Република С.Македонија и добрата европска пракса. Од страна на одделението за инспекциски надзор-Инспекторат е изработена Годишна Програма за специјализирани обуки за општинските инспектори

во општина Илинден детално опишани во истата, односно генерички обуки за административците, а сите општински инспектори во општина Илинден за 2026 година е планирано да присуствуваат на следните три генерички обуки согласно Годишната Програма за генерички обуки изработена од одделението за човечки ресурси во кординација со одделението за инспекциски надзор-Инспекторат во општина Илинден:

Тема 1. Инспекциски надзор (Закон за инспекциски надзор и Упатство за начинот на спроведување на инспекциски надзор)

- 8 часа предавања/вежби

Тема 2 . Постапување по претставки и предлози, прекршочни одредби (Закон за постапување по предлози и претставки и Закон за прекршоци)

6 часа предавања/вежби

Тема 3 Канцелариско работење, архивско работење (Уредба за канцелариско и архивско работење)

- 6 часа предавања/вежби

Сите општински инспектори од одделението за инспекциски надзор-Инспекторат ќе имаат континуирани специјализирани обуки за материјалните закони по системот на е-обуки, области: животна средина, заштита на природата, води и комунални дејности и јавната чистота односно сите законски и подзаконски акти за кои се надлежни од овие области.

**Меѓународна соработка**

Во текот на 2026 година не е планирана меѓународна соработка освен во кординација со државните инспектори и локалните општински инспектори на настани во РСМ, TAIEX Програми, останати настани од други проекти, конференции, дебати, панел дискусии по закони и сл., размена на информации за активности реализирани претходно и планови за иднина, како и дискусии за моментни состојби во областа на животна средина и ком.дејности сврзани со инспекцскиот надзор.

**Други активности на инспекциската служба**

Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат во текот на 2026 година ќе ги изготви и следните активности:

1. Годишен Извештај за работата на Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат во текот на 2025 година

Рок: 31 Јануари 2026 година, согласно Законот за Инспекциски надзор.

1.1 Квартален извештај за период од 01.01.2026-31.03.2026 и 01.07.2026-30.09.2026год

Рок: 31 март 2026 година и 01.10.2026година, согласно новиот Закон за Инспекциски надзор

1.2 Полугодишен извештај за работата на Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат во текот на 2026 година.

Рок: 15 Јули 2026 година, согласно новиот Закон за Инспекциски надзор.

1.3 Полугодишен извештај за работата на Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат во текот на 2026 година за период од 01.07-31.12.2026година

Рок: 15 Јануари 2027 година, согласно новиот Закон за Инспекциски надзор

2. Годишен План за работа на Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат за 2027 година.

Рок: 15 ноември 2026 година согласно Законот за инспекциски надзор.

3. Публикација на различен тип информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на Интернет страната на општина Илинден.

Рок: Континуирано.

5. Изготвување на Листи за проверка за вршење инспекциски надзор за различен тип на инсталации кои поседуваат Елаборати за жив.средина и Б-ИКСЗ.

Рок: Континуирано.

6. Доставување на барања до МВР и други надлежни институции за водење на инспекциски постапки(Управа за јавни приходи и Агенција за вработување),Државен пазарен инспекторат,Државен инспекторат за транспорт ,Државен градежен инспекторат за градежништво и урбанизам, Државен инспекторат за животна средина, Државен комунален инспекторат и Агенција за храна и ветерина.

Рок: Континуирано.

**Соработка со останати институции**

Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат вклучен е во процесот на издавање Б-ИСКЗ дозволи односно и одобрување/одбивање на Елаборати за жив.средина, а остварува континуирана соработка со МВР, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за Управување со кризи, институции на централно, локално и регионално ниво како ЗЕЛС и со јавните општински комунални претпријатија ЈКП Илинден и ЈКП Водовод како и соработка со правосудни органи(судови),Централен Регистер на РСМ,Агенција за Вработување на РСМ ,Министерство за

животна средина и просторно планирање,Државен инспекторат за животна средина, Државен комунален инспекторат, Министерство за транспорт и врски(Комисија за одлучување по прекршоци) Државен инспекторат за транспорт , АД Водостопанство на РСМ Подружница Скопско Поле-Скопје и Агенција за храна и ветерина.

Исто така согласно Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер одделението обезбедува пристап до истите и соработува со Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, а исто така целосно се почитуваат и законските одредби од Законот за заштита на личните податоци.

Ваквата соработка, Инспекторатот ќе ја остварува и со Инспекцискиот Совет согласно законската рамка Совет или телото кое ќе се  формира или ќе припадне во состав на друго министерство, со Државните Инспекторати и инспекциските служби на локално ниво пред се со Општинските инспектори за животна средина,општински комунални инспектори и општински просветни инспектори .

Во рамките на ваквата соработка, по потреба ќе се организираат  активности за заедничко делување и обуки, како и координирани инспекции за поефикасно спроведување на законодавството.

Доставено до:
-Архива
-општински инспектори

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Одделение за инспекциски надзор
-Инспекторат-
Раководител
Саше Ристовски

Датум на изработка:
10.11.2025 година